Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 09-2151/3
18.10.2023год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И

**ПОТВРДА ЗА ОДОБРУВАЊЕ**
**НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА РАЗРАБОТКА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 8.1.1 ОД УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО НАМЕНА Г2 ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА ВО УПВНМ ЌОЈЛИЈА ЗА МУЛТИФИНКЦИОНАЛНА ЗОНА, КО ЌОЈЛИЈА ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барањето на **Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје,** во Општина Петровец поднесено под арх. бр. 09-2151 од 10.2023, за одобрување на Урбанистички проект за село, врз основа на член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23), го издава следното:

**РЕШЕНИЕ**

Се одобрува **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА РАЗРАБОТКА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 8.1.1 ОД УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО НАМЕНА Г2 ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА ВО УПВНМ ЌОЈЛИЈА ЗА МУЛТИФИНКЦИОНАЛНА ЗОНА, КО ЌОЈЛИЈА ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ,** со технички број **0801-479/23** од 09.2023 год. изработен од Друштво за просторно и урбанистичко планирање Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје, поднесе барање за одобрување на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА РАЗРАБОТКА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 8.1.1 ОД УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО НАМЕНА Г2 ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА ВО УПВНМ ЌОЈЛИЈА ЗА МУЛТИФИНКЦИОНАЛНА ЗОНА, КО ЌОЈЛИЈА ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ, со технички број 0801-479/23 од 09.2023.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма (pdf)

2. Ажурирана геодетска подлога (dwg)

3. Извод од урбанистичка документација

4. Геодетски елаборат

5. Полномошно

6. Податоци информации и мислења од релевантни институции

7. Ревидиран Урбанистички проект (pdf.dwg)

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Петровец со Решение бр. 08-865/1 од 10.04.2023 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Урбанистичкиот проект со тех.бр. 0801-479/23 може да се одобри. Истото го потврди со мислење од комисија со бр. 09-2151/2 од 04.10.2023 година.

Градоначалникот на општината Петровец по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23). Врз основа на тоа, а согласно член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Градоначалник**
**Борче Митевски**